Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-767/2
20-11-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-767/1 од 30.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Гостивар против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на ден 27.11.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-767/1 од 30.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Гостивар против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи **поради ненавременост.**

## Образложение

На 30.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против Министерството за внатрешни работи (“**МВР**”), за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, подносителот е во редовен редовен однос во Министерството за внатрешни работи од 2002 година, и тоа од 2.7.2002 година до 20.10.2015 година работел во Единицата за брзо распоредување, која е со седиште во Скопје. Наведува дека сите припадници на единицата кои живееле надвор од Скопје имале обезбеден службен превоз до местото на живеење за секоја редовна смена и секое вонредно ангажирање. Понатаму, од 20.10.2015 година бил прераспореден во Одделот за обезбедување на Претседателот на Владата на Република Македонија, што исто така е со седиште во Скопје, при што повторно имал обезбеден превоз до работното место. Последно, од 4.8.2017 година е прераспореден како Самостоен инспектор за обезбедување на транспорт на пари во СВР Скопје. Наведува дека оттогаш настанале штетните последици, кога бодовите за плата му биле намалени од 720 на 700, бил спуштен од категорија Д во категорија Ѓ и повеќе не му следувал додатокот на плата од 45%. Особено истакнува дека од последното прераспоредување повеќе не му е обезбеден превоз од местото на живеење до работното место, односно од Гостивар до Скопје и обратно.

Подносителот поднесувал повеќе жалби до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со барање да биде прераспореден во неговото место на живеење. Сите жалби биле усвоени, а решенијата на МВР поништени, освен последната која со Решение РО бр. 0901-184 од 6.10.2023 година на Државната комисија била одбиена како неоснована. Последно, подносителот доставил ново Барање за прераспоредување до МВР на ден 24.3.2023 година.

Согласно законската одредба од член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Претставката може да се поднесе **најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата**."*

Во конкретниот случај поминати се повеќе од шест месеци од моментот кога подносителот дознал за донесениот акт за негово распоредување, односно за Решението со кое се отфрлила неговата жалба по тој акт, а дополнително е поминато и повеќе од една година од денот кога актите биле донесени. Оттука, од причина што за поднесување на претставката не е запазен ниту субјективниот, ниту објективниот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли оваа претставка поради ненавременост.

Скопје
28.11.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]